Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, алинеја 4, од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр.16/2011 и 136/2011), член 11 и член 15, став 3 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи ("Службен весник на РМ" бр.94/2005, 43/2010, 9/12 и 13/12), постапувајќи по барањето на Дирекцијата за Технолошки Индустриски Развојни Зони (ДТИРЗ) – Скопје, за определување на продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ – Скопје, за месец март 2013 година, на седницата одржана на 20 март 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во Технолошко-индустриска развојна зона-Скопје за месец март 2013 година**

**Член 1**

1. На Дирекцијата за Технолошки Индустриски Развојни Зони (ДТИРЗ) – Скопје, како вршител на енергетските дејности дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, продажната цена на природниот гас за месец март 2013 година, се утврдува да изнесува **29,7753 ден/nm$^3$**.

2. Во продажната цена на природниот гас од став 1 на овој член, содржани се:

   2.1 Трошоци за набавка на природниот гас за месец март 2013 година, во износ од 25,1545 ден/nm$^3$ и цена за услугата снабдување на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, во износ од 0,2958 ден/nm$^3$, утврдени со Одлуката за определување продажна цена на природен гас за месец март 2013 година ("Службен весник" бр. 41/13);

   2.2 Цената за услугата пренос и управување со системот за пренос на природен гас, во износ од 1,2465 ден/nm$^3$, утврдени со Одлуката за определување продажна цена на природен гас за месец март 2013 година ("Службен весник" бр. 41/13);

   2.3 Цената за вршење на дејностите дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, во износ од 3,0785 ден/nm$^3$, утврдени со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на тарифа за вршење на дејноста дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ" бр. 11/13).

3. Цената од член 1, точка 1 од оваа Одлука, е пресметена без данок на додадена вредност.

**Член 2**

Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дирекција за Технолошки Индустриски Развојни Зони – Скопје, (во понатамошниот текст ДТИРЗ ) со допис бр. 07-417/5 од 19.03.2013 година, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, достави барање за определување на продажната цена на природниот гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ – Скопје, за месец март 2013 година. Со барањето ДТИРЗ- Скопје предлага највисоката продажна цена на природниот гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ – Скопје, за месец март 2013 година да изнесува 29,7753ден/$nm^3$, што во споредба со цената од претходниот месец во износ од 27,7443 ден/$nm^3$ преставува зголемување од 7,32 %.

Како причина за промена на крајната највисока продажна цена на природен гас за тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ДТИРЗ за месец март 2013 година во Барањето е наведено дека истото е условено со промената на продажаната цена на природниот гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас.

Регулаторната комисија за енергетика имајќи ја во предвид оправданоста на Барањето спроведе постапка за определување продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во Технолошко-индустриска развојна зона-Скопје за месец март 2013 година.

При определувањето на продажната цена на природниот гас за тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ДТИРЗ се земени во предвид, Одлуката за определување продажна цена на природен гас за месец март 2013 година (“Службен весник на РМ” бр. 41/13) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на тарифа за вршење на дејноста дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 11/13) со која е определено да истата услуга изнесува 3,0785 ден/$nm^3$.

Имајки го во предвид напред изнесеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука согласно член 33, став 1 од Законот за енергетика, може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, преку Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на оваа Одлука во ‘’Службен весник на Република Македонија’’.

**УП1 Бр. 08-44/13**
**20.03.2013 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**